вечер,
31.I.1976

## ИЗЛОЖБИ

# СРЕДБА НА МИНАТОТО И СЕГАШНОСТА

**(ИЗЛОЖБА НА ДРАГАН ВЕРГОВСКИ И ЃОКО ЦВЕТКОВИЌ ВО ГАЛЕРИЈАТА НА ДОМОТ НА МЛАДИТЕ „25 МАЈ“ ВО СКОПЈЕ)**

Изложбата на младите сликари од Скопје **Драган Верговски** и **Ѓоко Цветковиќ** претставува мала средба на минатото и сегашноста. Имено, додека првиот инспирација за своите слики бара во македонското далечно минато, поточно, во времето на владеењето на цар Самуил, дотогаш вториот сликар своето творечко внимание го сосредоточува на мигови од сегашноста, тој се инспирира од секојдневни теми и мотиви.

Драган Верговски, иако работи на мал формат, речиси секогаш настојува, сообразно со темата, да оствари монументален впечаток. Можеме да кажеме дека тој главно успева во своето настојување, иакс треба уште да работи во совладувањето на некои технички императиви на сликата, на пример, да го зацврсти цртежот и да ја прочисти наместа палетата. **Засега неговата сликарска визија е во зародок, во извесен скицуозен стадиум, така што на моменти ни прилега на импресив на сценска подготовка, каде што се насетува и ликовна димензија, иако не во сите детали на композицијата.**

Убав впечаток остава и неговото видливо интересирање за македонскиот визуелен фолклор, што го употребува мошне внимателно и со добар инстинкт, а со тоа ја збогатува содржината на своите дела, кои сега се доволна гаранција да веруваме во неговите идни позрели и повозбудливи резултати.

Ѓоко Цветковиќ е покохерентен и во поглед на тематската преокупација и во ликовниот третман на своите слики што ги работи на иверица, со што постигнува извесна блага пастуозност и класична мазност. Него го интересираат повеќе жанрови: и портрет, и акт, и мртва природа. Додека во портретите е малку сладникав, дотогаш во двете женски торза покажува добар усет за инкарнација, за оволлотување, што е всушност еден стар проблем на сликарството, но сепак, не дејствува деплaсирано, бидејќи нашиот сликар работи егзалтирано.

**Цветковиќ има афинитет за барање, за анализирање. Затоа неговите слики повеќе оставаат впечаток не на импровизации, туку на ателјејски трудови, каде што просто ја чувствуваме нужноста на моделот.** Но за да го избегне впечатокот на просто школско моделирање, Цветковиќ среќно во својата сликарска визија внесува извесни надреалистички акценти, на своите мотиви им дава неочекувано значење и на тој начин ги спасува од извесна баналност што се чувствува во одделни партии. Цветковиќ треба да го искористи својот талент (што го чувствуваме парцијално во скоро сите негови слики) за да реализира многу подобри дела.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**

22721